# современи
# славонски
# уметници

ОХРИДСКИ ЛЕТЕН САЛОН

# Современи славонски уметници

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
27 ЈУЛИ – 8 АВГУСТ 1966

Сликарите и скулпторите, чиишто творби ги презентира оваа изложба, претставуват една групација на автори кои делуваат на потесно подрачје од Славонија, главно на линијата: Осиек, Винковци, Вуковар, Вировитица. Името »Славонски« има тука повеќе смисла на географска определеност, отколку на внатрешна поврзаност во ликовното изразување и определувањето спрема животот и уметноста. Освен тоа, формирањето на групацијата, во сегашен состав, извршено е неодамна, благодарејќи на активноста на Галеријата за ликовна уметност во Осиек, така што во истата групација уште не можело да се дојде до поостра профилација, до повидлива манифестација на одредени заеднички стремежи. Меѓутоа, од сегашната состојба би требало да се развие ликовна целина која подлабоко и посуштински ќе биде поврзана со славонското подрачје. Можеби тоа треба да се сфати така што со текот на времето, оваа групација би требало да изразува ликовно, и ликовно да креира сѐ она што настанува на тоа подрачје, сфаќајќи го тоа подрачје како синтеза на човекот и земјата, односно на пејзажите и луѓето, полињата и водите, облаците и сенките. И целокупниот живот што го создава и исполнува човекот, денешниот и оној од минатите времиња. И крстосувањето на судбини, радости, болки, страхувања. И сѐ она што е во тој простор, не само физички димензионирано, ами што продира и зад нас и во длабочина, во минатото, во свеста и потсвеста, што ѓи зафаќа сите светлини и темнини на човекот во неговите егзистентни манифестации.

Се разбира, тука станува збор само за афинитетите и општите аспекти. Затоа што над тоа стои индивидуалната визија, творечкиот пламен, кој на делото му дава интензитет и виталност.

Во овој момент секој член на оваа групација живее во светот на своите преокупации, своите желби и мечти. Дијапазонот на овие преокупации и интереси е голем и занимлив и се одвива, може да се рече, во паралелни рамки со истородните настани на општиот план на југословенската ликовна уметност.

Прикажувајќи ги во кратки црти одликите на одделни автори, ќе се послужиме со временскиот редослед.

Никола Трик е првенствено сликар на пејзажи. Тој се определил за пејзажот во којшто доминира зеленилото на бујната славонска вегетација, чии импулси мошне ги раздвижуваат сите животни елементи. Но додека во едната фаза на неговата работа овој пејзаж зафаќа поголеми просторни комплекси, оживени од магијата на сонцето и сенките, во последно време сликарот ја сведува ликовната тема на

крошните на дрвјата, на потесен локалитет, којшто ја овозможува поголемата интензивност на сликарската обработка на вегетабилната маса. Давајќи ѝ на таа маса експресивна сила и подвижно бранување, кое расте од тивка вибрација до динамични превирања, крошните во ликовната интерпретација на овој автор го прераснуваат својот натуралистички облик и добиваат значење на вечното нишање и движење, како на битните белези на животот.

Опнат лак на ликовното движење покажува Божо Копиќ. Тој започна со импресионистички пејзажи, за да премине нагло во колористичка апстракција, а потоа да се врати пак во дисциплината на галериското сликарство со фини тонски скали, со дуктусот на четката на старите мајстори. Во тие распони помеѓу предметноста и апстракцијата и сега е распнат немирниот дух на овој автор.

Склоностите на Предраг Гол се движат во областа на сликарската материја. Но и во такви технички преокупации Гол секогаш внесува човечки елементи во своите композиции, или како реминисцентен лик, како асоцијација, или како тема. Во сегашната фаза подлогата на неговите слики добива карактер на тврдо и суморно земјиште на кое се проектира човечката егзистенција како штура, безбојна и угасната линија, понекогаш насилно втисната, згрчена, болежлива. Профили на човечките ликови кои што се така креирани на границата помеѓу графизмот и пластичната конфигурација настаната со збивањето на материјата, имаат трагичен изглед.

Помеѓу пејзажите и портретите, по линијата на конкретното сликарство, осцилира Владимир Цанко. Во мотивите од старата тврдина во Осиек, во нејзините древни ѕидини, овој сликар го најде кореспондентниот свет на своите настроенија. Иако се тие пејзажи градени на линеарна конструкција, бојата им придава витална снага. Бојата тука има двојно значење: таа ја предочува патинираната структура на дотраените ѕидови, а воедно и призмата на афинитетот на авторот спрема комплексот на преодноста и исчезнувањето. Проблеми од скоро исти карактер се во центарот на вниманието и кај неговите фигурални остварувања.

Колористичката визија на Владимир Мареник, разиграна во просторот ѝ ја наметнува својата динамичност на површината на сликата. Приклонувајќи се кон фигурацијата во експресионистичка верзија, со предилекција кон гротескни и визионерски теми, тематиката на овие слики понекогаш е тонирана студено, со предоминација на модра боја, а понекогаш искокнуваат зажарени црвенила кои своите

корени ги влечат не толку од страствената пулсација, колку што растат од фантастиката на настанот на сликата.

Иван Купински ги најде големите можности во графиката, каде во поделбата на црно-белите маси и во распределбата на нивните еквиваленти, тој најде соодветен инструментариј за фиксирање на своите визуелни доживувања, на своите погледи и наслутувања, завиткани во мрак и сенки. Стремежите за изразување на тие внатрешни визии, авторот ги пренесува и на своите слики во масло.

Помладата и најмладата група ја сочинуваат Полиќ, Херман, Јакиќ Албина и Иван, Бедиќ и Мацолиќ.

И во оваа група ликовните концепции се различни, различни се и инспирациите кои ги раздвижуваат авторите. Кај Владимир Полиќ преовладува темна кроматска подлога со масивни, редуцирани форми, како на суморните визии на Осиек; или е подлогата обработена со особини на мајсторот-цизелер, со облагородената материја од бои и тонови, или пак темата е носител на ликовниот интерес.

Визијата на Иван Херман лута низ фантастичните далиевски пејзажи, со далечните катаклизмички небосводи и длабоката меланхолија на празните пространства, чии предни планови ги исполнува сценариото на таинствените настани и чудесни симболи.

Специфичен свет на форми, којшто се згуснува во интензивен израз, особено во графиката, наоѓаме на сликите на Иван Јакиќ, додека Албина Јакиќ во своите сензибилни цртежи со поетична позадина на мотиви, ја изразува лиричноста на настроението.

Немири и копнежи, транспонирани во бои и линии, со снажна колористичка постава и бујна материја, со линии коишто извираат од возбудените сфери на доживувања, се манифестираат на сликите на Иван Бедиќ и Мацолиќ. Се работи, без сомнение, за барањата но и за првите резултати.

Скулптурата во оваа групација е застапена со скулпторите: Бабиќ, Брлошиќ и Смајиќ.

Занимлив развој и широк распон на интерес покажува Антун Бабиќ. Поаѓајќи од натуралистичкиот облик и неговите карактеристики, авторот тој облик го нагодува спрема својот пластичен коцепт и визијата. Склоноста кон грубите рустични форми, не ги лишува неговите скулптури од еден основен тон на хуманост, без оглед на тоа што »човечкото« се движи понекогаш на границите на смешното,

болежливото. На релефите кои во последно време го преокупираат авторот, преовладува извесен графицизам чија стилизација, обликување на човечките фигури, потсетува на старите иницијални резби со архаичен призвук. Антун Бабиќ е воедно графичар со извонредно снажен израз.

Стјепан Брлошиќ е скулптор на композиции и портрети. Своите најдобри остварувања тој ги дал можеби во детските портрети. Покрај изразноста на детската психа, којашто ја прикажува со суптилна чувствителност, пластичниот облик на неговите детски глави се одликува со преливна мекост на формите и деликатен пластицитет. Во композициите Брлошиќ е наклонет кон истакнување на масата со затворен волумен, во којшто ликовите живеат со рудиментирана снага. Редукција на формите врз ритмичката маса, згустена во својот тематски јазол, им придава на тие скулптури експресивна моќ.

Скулпторот-наивен, Петар Смајиќ е земјоделец од околината на Осиек. Неговото име и неговите творби се познати и во меѓународни релации. Светот на неговите сваќања и доживувања се луѓе и животни: селани, селанки, старци, коњи, птици. Пластичниот облик на тие ликови, нивната градба, нивните вдлабнатини и испакнатини самата материја на дрвото во кое работи, и кое секогаш се чувствува, темната игра на светлината и сенката на тие често и патинирани фигури, која во длабочината создава помрачени површини за да блеснат светлите зарези на испакнатините, сета таа своеродна архитектура со внатрешен раст во неговите пластични творби, неговите коњички пирамиди, вљубени двојки, просјаци и скитници го пренесуваат гледачот во светот на една посебна реалност. Сето тоа е стварност, но истовремено стои над неа. Тие ликови се јавуваат како привиденија и симболи, а потекнуваат од мислата на самиот автор и неговиот допир со светот.

ОТОН ШВАЈЦЕР

**АНТУН БАБИЌ**

скулптор, графичар

Роден 1931 во Бијељина, Босна. Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излага со УЛУХ од 1958 год. во Загреб. Излагал во: Ријека, Загреб, Љубљана, Белград, Хаг, Хавана, Осиек. Самостојно: Загреб, Винковци, Вуковар.

1. Двајца, бронза, — релеф, 1964, 24,5 X 29,5 см
2. Кола, бронза — релеф, 1964, 59 X 45 см
3. Бастардна птица, линорез, 30 X 38 см
4. Метаморфоза, линорез, 42 X 47 см

**ИВАН БЕДИЌ**

сликар

Роден 1939 во Винковци. Завршил Академија за ликовна уметност во Љубљана. За прв пат настапува јавно.

5. Цртеж, 1963, 22,5 X 17 см
6. Цртеж, 1963, 22,5 X 17 см
7. К — 63, темпера, 1963, 29 X 22,5 см

**СТЈЕПАН БРЛОШИЌ**

сликар

Роден 1918 во Пишкоревци (Ѓаково). Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излага од 1952 во: Осиек, Загреб, Белград, Славонски Брод, Винковци, Сомбор, Вуковар.

8. Хор, дрво, 1966, 56 X 73 см
9. Баба, дрво, 1965, 40 X 21 X 21 см
10. Девојче, дрво, 1965, 36 X 24 X 24 см

**ПРЕДРАГ ГОЛ**

сликар

Роден 1931 во Писаровина. Завршил академија за ликовна уметност и сликарска специјалка во Загреб. Редовно излага со УЛУХ од 1960 год. во Загреб и Осијек. 1960 и 1961 во сликарската колонија во

Прилеп. Излагал во: Скопје, Белград, Љубљана, Славонски Брод, Сомбор, Суботица, Осиек. Самостојно во Загреб. 1965.

11. Стареење, масло, 1963, 30 X 50 см
12. Стареење на комедијантот, комб. техника, 1964, 50 X 34 см
13. Портрет, комб. техника, 1965, 29 X 50 см

**АЛБИНА ЈАКИЌ**

с л и к а р

Родена во Марибор 1938. Завршила Академија за ликовна уметност во Загреб. Излагала во: Марибор, Загреб, Љубљана, Белград, Осиек, Сомбор.

14. Акварел I, 1966, 26 X 21 см
15. Акварел II, 1966, 21 X 27 см
16. Акварел III, 1966, 21 X 27 см

**ИВАН ЈАКИЌ**

с л и к а р

Роден во Ердута (Славонија) 1939. Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излагал во: Загреб, Белград, Осиек, Сомбор, Вуковар.

17. Пејзаж I, масло на платно, 1966, 63 X 82 см
18. Пејзаж II, масло на платно, 1966, 41 X 58 см
19. Графика, бакропис, 1966, 17,5 X 24 см

**БОЖИДАР КОПИЌ**

с л и к а р

Роден 1926 во Преграда (Хрватско Загорје). Завршил академија за ликовна уметност и сликарска специјалка во Загреб. Излагал во: Загреб, Винковци, Охрид, Скопје, Осиек, Вуковар, Сомбор.

20. Автопортрет, масло, 1964, 35 X 24 см
21. Пејзаж I, акварел, 1966, 70 X 50 см
22. Пејзаж II, акварел, 1966, 70 X 50 см

### ИВАН КУПИНСКИ

с л и к а р

Роден 1934 во Домброва (Полска). Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излагал во Загреб, Осиек, Вуковар, Сомбор, Самостојно во: Вроцлав, (Полска) 1963 год.

23. Автопортрет, акватина, 1965, 50 X 35 см
24. КопозицијаII, линорез, 1965, 38,5 X 52 см
25. Мрежи, бакропис, 1965, 25 X 35 см

### ВЛАДИМИР МАРЕНИЌ

с л и к а р

Роден 1931 во Кошутарица (Славонска Посавина). Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излагал во: Загреб, Вуковар, Илок, Борово, Осиек, Сомбор.

26. Карневал, масло, 1964, 69 X 80,5 см
27. Акт, масло, 1965, 62 X 86 см
28. На месечината, масло, 1965, 60 X 80,5 см

### МЛАДЕН МАЦОЛИЌ

с л и к а р

Роден 1940 во Кампора (Раб). Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излагал во: Pијека, Загреб, Београд, Сомбор, Вуковар, Осиек.

29. Сочувани спомени, масло, 60 X 91 см
30. Брегот на минатото, масло, 45 X 65 см
31. Бродови, комб, техника, 35 X 45 см

### ВЛАДИМИР ПОЛИЌ

с л и к а р

Роден 1935 во Краљевица (Хрватско Приморје). Завршил академија за ликовна уметност во Загреб. Излагал во: Загреб, Краљевица, Осиек, Сомбор, Вуковар.

32. Копозиција I, масло, 128 X 98 см
33. Копозиција II, масло, 33,5 X 34 см
34. Композиција III, масло, 30,5 X 31,5 см

**ПЕТАР СМАЈИЌ**

наивен скулптор

Роден 1910 во Долни Долац (крај Сплит). Излага од 1934 во: Загреб, Ријека, Сплит, Брисел, Антибес, Берн, Брно, Сопот, Варшава, Токио, Единбург, Ленинград, Москва, Будимпешта, Њујорк и т. н.

35. Замислен старец, дрво, 1963, 51 X 20 X 14 см
36. Далматинец, дрво, 1965, 70 X 20 X 9 см
37. Предачка, дрво, 1965, 108 X 31 X 16 см

**НИКОЛА ТРИК**

с л и к а р

Роден 1926 во Вировитица. Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Излага од 1958 во: Вировитица, Загреб, Осиек, Вуковар, Сомбор. Самостојно: Вировитица, Загреб.

38. Крошни I, масло, 95 X 95 см
39. Крошни II, 60 X 76 см
40. Крошни III, 75 X 111 см

**ЈОСИП ПИНТАРИЌ**

наивен сликар

Роден 1927 во с. Мала-Нова Градишка. Излагал во: Вуковар, Загреб, Вировитица, Франкфурт, Беч. Самостојно: Нова Гардишка 1960 и 1964 год.

41. Сакатиот, масло, 1966, 38 X 45,5 см
42. ~~Сакатиот~~, масло, 1966, 38 X 45 ,5 см
Дождовна година

**ИВАН ХЕРМАН**

с л и к а р

Роден 1937 во Стари Сланкамен (Срем). Завршил Академија за применета уметност во Белград. Излагал во Жупања и Осиек.

43. Вердун, темпера, 1966, 32 X 29 см
44. Заточеник, темпера, 1966, 32 X 27 см

**ВЛАДИМИР ЏАНКО**

с л и к а р

Роден 1932 во Гломач (Босна). Завршил Академија за применета уметност во Белград. Излагал во: Белград, Осиек, Рума, Тузла, Сремска Митровица, Сарајево, Сомбор, Вуковар.

45. Семејство, масло, 1965, 50 X 70 см
46. Девојка, масло, 1963, 51 X 31 см
47. Девојка, масло, 1965, 50 X 40 см



Владимир Цанко, Девојка, 1964



Божо Копиќ, Акварел I, 1966



Предраг Гол, Стареење на комедиантот, 1964



Владимир Мареник, Карневал, 1964



Стјепан Брлошић, Девојче, 1965

Изработено во: Печатница, книговезница и картонажа
„КОСТА АБРАШЕВИЌ“ — ОХРИД